За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

## НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот, општинскиот сојуз и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

## *МЕДИЦИНСКО-ЗДРАВСТВЕНИ АКТИВНОСТИ*

Со оглед на се поголемата присутност на физички и телесни деформитети кај младата популација односно учениците, УСК ќе формира секција за Кинезитерапија, преку чија работа на соодветни стручни лица со соодветни вежби ќе се помага на младите лица и децата, односно учениците, за делумно отклонување и намалување на деформитетите и јакнење на организмот.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

За успешна реализација на Програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература во вид на стручни книги и видео материјали, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви, како во земјата така и во странство.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

### СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

- Членарина од учесниците во спортските школи
- Спонзори и донатори
- Самофинансирање од страна на родителите

### ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ

- Средства од буџетот на општината
- Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

**СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ**

- Периодични барања до стопанските и нестопанските организации
- Изготвување на проект-програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствени акции и манфиестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

06.07.2020 година

| | | |
|---|---|---|
| **Одговорни наставници** | СТАНОЈКОВСКИ ДРАГАН-претседател | |

**8.2 Секции/Клубови**

Слободните ученички активности (секциите) се дел од воспитно-образовниот процес. Реализацијата на овие активности е наменета за учениците од I – IXодд, со 36 годишен фонд на часови. Секој ученик на почетокот на учебната година пополнува анкетен лист, на кој се дадени сите секции, клубови кои ги организира училиштето. Ученикот по свој личен избор може да се одлучи да членува најмногу во две секции / клубови или во ниедна. Оваа учебна година училиштето организира слободни ученички активности во следниве секции:

| Број | Секција | Одговорен наставник | Одделение |
|---|---|---|---|
| 1. | Музичка секција | Мери Ќурчиева<br>Ана Покупец Апостолски<br>Луиза Наневска<br>Мирјана Јанеска | II одделение |
| 2. | Ликовна секција | Мери Ќурчиева<br>Ана Покупец Апостолски<br>Луиза Наневска<br>Мирјана Јанеска | II одделение |
| 3. | Млади таленти | Сања Пиперевска<br>Александра Крстова<br>Горица Веловска<br>Гордана Стефановска | III одделение |
| 4. | Млади таленти | Даниела Крстевска<br>Нина Николовска<br>Дијана Ковачевска<br>Катарина Лазаревска | IV одделение |
| 5. | Ликовна секција | Виолета Ѓошева<br>Анка Чонева<br>Вера Петровска<br>Соња Кирковска | V одделение |
| 6. | Млади математичари | Ленче Зајковска<br>Гордана Делева<br>Жанета Шумкоска | VI-IX одделение |
| 8. | Млади хемичари | Бојана Бачоска | VIII-IX одделение |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Драмска секција | Ирена Пановска<br>Ирена Костовска<br>Марија Варадинска | VI-IX одделение |
| 10. | Јас имам талент<br><br>Јас ја сакам музиката | Благица Димчеца | VI-IX одделение |
| 11. | Јазичен Клуб | Кети Христовка<br>Даниела Такашманова<br>Маја Бутлеска | VI-IX одделение |
| 12 | Информатичари и програмери | Вањa Петровска | VI-IX одделение |

Списоците со одбрани секции и членови во секциите ќе бидат доставени до 15.09.2020 кога ќе се знае точниот број на ученици во кои секции сакаат да учествуваат, по дадената анкета

## 8.3. Акции

Како претходните години, така и оваа учебна година во училиштето ќе се организираат еколошки акции, хуманитарни и ентериерни уредувачки акции, во кои активно учество ќе земат сите ученици со што дополнително ќе се поттикне нивната свест, хуманост, емпатија и чувството за уредност и естетика преку уредувањето на просторот (училници, холови и паноа).

| Акции | Име и презиме на одговорни наставници | Содржини | Време на реализација | Потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат | Број на ученици од паралелки |
|---|---|---|---|---|---|
| Базари | | Новогодишен Базар<br>Велигденски Базар | Декември<br>Април | Соодветни материјали и средства потребни за изработка на предмети од страна на ученици,родители и наставници | Вклучени се сите ученици |
| Хепенинзи | | Ликовен хепенинг<br>Литературен<br>Првоаприлски | Континуирано<br>Континуирано<br>април | Хамер,паноа,штафелаи,бои<br>разни матријали и сл.во соработка со ученици,наставници,родители | Ученици кои покажуваат афинитети и кративност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Хуманитарни настани | | Ден на гладта<br>Хуманитарни Базари<br>Меѓународен ден на детето и други тековни хуманитарни настани | Септември-јуни | Соодветни материјали и средства донирани од страна на ученици,наставници и родители | Вклучени се сите ученици |
| Еколошки акции | | Одбележување на денови за заштеда на енергија,вода, заштита на планетата Земја,климта,озонската обвивка,животната средина | Септември-јуни | Потребни материјали и средства за одбележување на акциите во соработлка со ученици,наставници,родители | Вклучени се сите ученици |

### *9. Ученичко организирање и учество*

Учениците и оваа година ќе бидат активни во ,,Клубот на млади'' (учениците од 8 и 9 одд.), во соработка со општинската организација на Црвен крст – Кисела Вода.
Активно организирање и ученичко учество ќе имаат и во ,,Ученичкиот парламент'' во кој учениците ќе дискутираат за своите предизвици и предлози, взаемно ќе се дополнуваат и ќе ги решаваат евентуалните проблеми. Заклучоците и предлозите од нивните состаноци ќе ги пренесуваат до раководството на училиштето, истите заеднички ќе се разгледуваат и тековно ќе се решаваат.

### *10. Вонучилишни активности*

## 10.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2020/21година ќе биде регулирана активноста: организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата. Исто така училиштето во делот за бонучилишни активности има изготвено и Програми за организирање и реализирање на зимска и летна школа за учениците од VI-IX одделение во учебната 2020/2021 година

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од трето одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение, како и посета на кино проекции, театарски претстави, посета на планетариум, музеи и спортски натпревари.

Во текот на учебната година планирани се :

- Пролетен излет –
- Научно - образовна екскурзија за ученици од 3те одделенија, тимот го сочинуваат наставниците од активот на третите одделенија. Одговорен наставник.
- Настава во природа за ученици од 5те одделенија, тимот го сочинуваат наставниците од активот на петите одделенија. Одговорен наставник
- Дводневна екскурзија за ученици од 6 те одделенија, тимот го сочинуваат одделенските раководители од шестите одделенија, . Одговорен наставник.
- Тридневна екскурзија за ученици од 9те одделенија тимот го сочинуваат одделенските раководители од деветите одделенија. Одговорен наставник

### 10.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Податоци за учениците ќе имаме тековно во зависност од афинитетите на учениците кон одредени активности, а потврдено со писмена согласност од нивните родители/старатели за активностите, за учество, патување и сл.

## *11. Натпревари за учениците*

Во текот на оваа учебна година во училиштето ќе се организираат меѓуоддленски натпревари по сите предмети на ниво на училиште со што ќе се развива соработката помеѓу учениците . Исто така најдобрите ученици ќе земат учество на општинските, реонските, градските и државните натпревари каде учениците ќе ги покажат своите вистински знаења. Сите активности каде се вклучени ученици ќе бидат реализирани со согласност на родителите.

## *12. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција*

Во текот на изминатата учебна година беше постапено по препораката од Интегралната евалуација и ООУ,,Св.Кирил и Методиј“-Центар, воспостави соработка и потпиша Меморандум за соработка со училиштето партнер ,,Братство"Карпош, училиште со ученици од српска националност. Во учебната 2020/21 година ќе се организираат активности, целта ќе биде да се спознаат разликите меѓу српската и македонската култура, традиција, музика , обичаи, фолклор и храна.Со ова ќе се зголемат содржините за меѓуетничка интеграција во предметна настава.
Училишниот тим одговорен за реализација на активностите од проектот МИО е во состав:

1. Валентина-Лена Вељан помошник директор на училиштето
2. Соња Кирковска -одделенски наставник
3. Марина Станковиќ- предметен наставник
4. Филип Крстиќ-претседател на ученички парламент
5. Мирјана Николовска-ученички праворанител

Оваа учебна година, активностите за МИО ќе ги реализираме во соработка со општина Центар. Во тек е подготвителната фаза која опфаќа :

- Прв чекор - креирање на општинска стратегија за МИО,

- Втор чекор - изработка на акциски план

Училишниот координатор, во соработка со одговорното лице од општината учествува во подготовката на наведените документи. Со оглед на тоа дека подготвителната фаза сеуште трае, во овој момент не можеме да внесеме конкретни активности за МИО во оваа птограма за работа на училиштето.

## 13. Проекти кои се реализираат во основното учлиштето

*-Зајакнување на демократска клима во училиштето*

*-Инклузија на деца со посебни образовни потреби (ПОП)*

*.-Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето*

*-Нема победници и победени во борбата со Ковид19: Сите сме поврзани, заедно делуваме*

*-ПХВ проекти(*ПХВ проектите се реализираат во соработка со Црвен Крст на РСМ и се дел од програмата за рбота на ПЦК)

*-Меѓуетничка едукација во образованиет*

*-Училиште на 21ви Век*

*Акциски планови на сите тековни проекти во прилог бр.*

*14. Поддршка на учениците*

**14.1. Постигнување на учениците**

**- Постигнување на учениците на крајот од учебната 2019/2020 година**

| Задолжителни предмети по паралелка | VI -1 | VI -2 | VI -3 | VII -1 | VII -2 | VII -3 | VIII -1 | VIII -2 | VIII -3 | IX-1 | IX-2 | IX-3 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | 4,75 | 4,81 | 4,08 | 4,67 | 4,25 | 4,27 | 4,28 | 4,18 | 3,88 | 4,56 | 4,53 | 4,35 | **4,38** |
| **Англиски јазик** | 4,80 | 4,75 | 4,25 | 4,89 | 4,67 | 4,77 | 4,72 | 4,53 | 4,31 | 4,72 | 4,89 | 4,41 | **4,64** |
| **Германски јазик** | 4,75 | 4,56 | 3,50 | 4,33 | 4,00 | 4,33 | 4,22 | 4,47 | 3,73 | 4,56 | 4,65 | 4,52 | **4,30** |
| **Математика** | 4,63 | 4,63 | 3,58 | 4,06 | 4,17 | 3,94 | 4,06 | 4,18 | 3,56 | 4,39 | 4,35 | 4,11 | **4,14** |
| **Историја** | 4,75 | 4,69 | 4,17 | 4,33 | 3,92 | 4,50 | 4,28 | 4,35 | 3,88 | 4,39 | 4,59 | 4,29 | **4,35** |
| **Географија** | 4,80 | 4,44 | 3,58 | 4,00 | 3,50 | 3,83 | 4,56 | 4,82 | 4,63 | 4,50 | 4,59 | 4,11 | **4,28** |
| **Граѓанско образование** | / | / | / | / | / | / | 4,50 | 4,35 | 4,38 | 4,72 | 4,59 | 4,23 | **4,46** |
| **Биологија** | / | / | / | 4,44 | 4,42 | 4,83 | 4,56 | 4,53 | 4,44 | 4,67 | 4,65 | 4,23 | **4,53** |
| **Хемија** | / | / | / | / | / | / | 4,44 | 4,65 | 4,06 | 4,50 | 4,41 | 3,82 | **4,31** |
| **Физика** | / | / | / | / | / | / | 4,28 | 4,35 | 3,63 | 4,44 | 4,41 | 4,00 | **4,19** |
| **Ликовно образование** | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 4,94 | 4,81 | 4,83 | 4,94 | 4,88 | **4,95** |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Физичко и здравствено образование** | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | **5,00** |
| **Техничко образование** | 5,00 | 5,00 | 4,83 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,94** |
| **Информатика** | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 4,72 | 4,58 | 4,83 | / | / | / | / | / | / | **4,86** |
| **Етика** | / | / | / | 4,50 | 3,92 | 4,72 | / | / | / | / | / | / | **4,38** |
| **Природни науки** | 4,68 | 4,69 | 3,92 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,43** |
| **Иновации** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 | 5,00 | 5,00 | **5,00** |
| **Музичко образование** | 5,00 | 4,88 | 4,17 | 4,39 | 4,33 | 4,72 | 4,83 | 4,65 | 4,19 | 4,78 | 4,47 | 4,17 | **4,53** |

**Следната табела го прикажува просечниот годишен успех по паралелки во предметна настава по изборни предмети**

| Изборни предмети по паралелка | VI -1 | VI -2 | VI -3 | VII -1 | VII -2 | VII -3 | VIII -1 | VIII -2 | VIII -3 | IX-1 | IX-2 | IX-3 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Етика на религиите** | 5,00 | 5,00 | 4,75 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,92** |
| **Танци и народни ора** | / | / | / | / | / | 5,00 | / | / | / | / | / | / | **5,00** |
| **Унапредување на здравјето** | / | / | / | 5,00 | / | / | 5,00 | / | / | / | / | / | **5,00** |
| **Техничко образование** | / | / | / | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | / | / | / | **5,00** |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Програмирање** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 | 5,00 | 5,00 | **5,00** |
| **Проекти од ликовно образование** | / | / | / | / | 5,00 | / | / | / | / | 5,00 | 5,00 | 4,87 | **4,96** |
| **Вештини на живеење** | / | / | / | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | / | 5,00 | 5,00 | / | / | **5,00** |
| **Изборен спорт** | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 | 5,00 | / | / | / | **5,00** |

**Вкупно со бројчани оценки се ученици од IV-IX одделение**

| | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Одлични** | **113** | **102** | **215** |
| **Многу добри** | **22** | **26** | **48** |
| **Добри** | **11** | **4** | **15** |
| **Доволни** | **/** | **/** | **/** |
| **Недоволни** | **/** | **/** | **/** |
| **Вкупно** | **146** | **132** | **278** |

Училиштето континуирано ќе ги следи постигањата на учениците. Службата со одделенските раководители од прибраните податоци за постигнувањето на учениците по сите наставни предмети по квалификациони периоди пристапува кон компаративна анализа на поединечни ученички успеси. Предвидени се анализи и споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др.

Одделенските и предметните наставници континуирано ќе го следат напредокот и постигањата на учениците и редовно ќе ги известуваат родителите на ученикот. Состојбата на успехот на ученикот по наставни предмети ќе ги утврдува одделенскиот совет, а родителот на ученикот ќе се информира преку евидентен лист. За крајниот успех на ученикот ќе се изготват свидетеслтва.

Наставниот и стручниот кадар во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците.

За да се подобри оценувањето на учениците, училиштето има изготвено „Кодекс за етичко однесување при оценувањето". Во рамките на активите се забележува стандардизација на формулари за следење и оценување на постигањата на учениците. Успехот на учениците им е достапен на родителите во секое време во електронскиот дневник. Сите наставници редовно реализираат додатна и дополнителна настава и настојуваат да се подобри нивниот квалитет, а со тоа да се подобри и успехот на учениците. Наставниците применуваат ефективни техники и стратегии за утврдување и подобрување на постигањата на учениците, се применуваат различни извори на знаења (енциклопедии, стручна литература), а се применува и ИКТ во наставата. За да се подобрат постигањата на учениците, потребна е поголема вклученост на родителите во наставниот процес.

## 14.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за *професионална ориентација на учениците*. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професи, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието.

Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

## 14.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Превентивните програми, планирани едукативни работилници со родители, ученици и наставници, вклучувањето на експерти за определените области на дејствување што ќе бидат реализирани во текот на оваа учебна година а се во однос на добросостојба на учениците нивна заштита и спрешување на дискриминација, се продолжува со досегашните планови и искуства. Запознавање и вклученост на учениците и родителите под водство и надзор на наставниот кадар и стручната служба во координација на директорот во организациите кои дејствуваат во нашата средина локална и пошироко како и во нашето училиште се со цел запознавање со правата, одговорностите на учениците, нивните родители и пошироката заедница во детекција, превенција, за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоуптреба, занемарување и дискриминација и тоа:

- Поддршка на работата на детска организација (планирање на работата, организирање акции, учество на состаноци).

- Поддршка на работата на ученичкиот парламент (планирање на работата, организирање акции, учество на состаноци).

- Поддршка на наставниицте и учениците во органиизрање на културни настани, екскурзии, хуманитарни акции.

- Соработката со педагошката служба и дефектолог е континуирана со одделенските раководители и наставници како и со техничкиот персонал особено истакнувајќи ја соработката со наставниците од физичко и здравсвено образование со можност за најбрзо детектирање на повреди и слично, врсниците, соучениците и сл.

- Идентификување на ученици со *потешкотии во учењето, емоционални проблеми, надарени ученици, ученици со посебни образовни потреби* и сл. Следење на прилагоденоста на новодојдените ученици. Следење на процесот на преминот од одделенска настава во VI одд. Професионално информирање и советување на учениците. Следење на организацијата и реализацијата на содржините од воннаставните ученички активности.

- Советодавна работа со *учениците кои покажуваат неадаптирано поведение* ќе се реализира во континуитет. Почести и поредовни контакти со родителите со оние ученици кои *манифестираа дисциплински проблеми* како и проблеми *со успехот и редовноста*. Во добар дел од овие случаи се очекува подобрување на однесувањето, успехот и редовноста на учениците. За таа цел се предвидува стручни предавања и материјали пред стручните активи, учениците, со изработени анализи, информации, прегледи, извештаи, анкети за изборни предмети и др.

*Намалување на насилството* се планира имплементација на активности во склоп на наставните содржини во текот на учебната година во соработка со наставниците и други стручни соработници. Преку одржување работилници и различни активности време на реализација одделенските часови и надвор од наставните часови.

## *15. Оценување*

### 15.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Учениците се оценуваат описно и нумерички според три развојни периоди: учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и нумерички и учениците од VII до IX одделение се оценуваат нумерички. Поради оптовареноста на учениците со писмено

оценување, училиштето оваа учебна година ќе изготви план за писмено оценување во кој при планирањето ќе се води сметка дневно да се реализира најмногу едно, а седмично најмногу 2 писмени работи. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и вонннаставните активности.

### 15.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и подршка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, во оваа учебна година 2020/21 година ќе биде составен од Директоерот на училиштето и Стручните соработници во ООУ „ тимот од својата работа добива резултати од следење, анализа на работата на натавниците се евидентира усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди.

Согласно законската рамка се утврдува *процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени, Планот за следење и анализа на состојбите со оценувањето* со временски период е според начинот на оценување на учениците квартално во текот на учебната година прво, второ и трето тромесечие и крајот на учебната година и за конкретен наставен предмет од одговорниот наставник кој предава на паралелката. Во услови на жалба и поплака од оцената се предвидува разгледување на истата од Наставничкиот совет за прифаќање или одбивање и/или формирање на комисија за проверка на оцета, односно знаењата на ученикот. Оваа комисија е од одделенскиот раководител на паралелката и наставници од соодветниот предмет во училиштето или од најблиското училиште ивземајќи го соодветниот наставник.

- *презентира планот за поддршка на наставниците кои покажуваат* ***слаби резултати*** *во работењето* При следењето на работата на секој наставник со утврдување на постигнување на слаби резултати во работењето кои се добиваат од следење и анализа на работата со учениците и напредување на учениците се пристапува кон подршка на истите наставници во нивната работа за подобрување на резултатите во работата.

- *поддршка за наставниците кои се* ***иноватори*** *и креатори на развојот на квалитетното оценување*. При следењето на стилит на работа и начинот на оценување на секој наставник со утврдување на начинот на примена на иновативни и креативни модели на квалитетно оценување со следење на стандардите на оценувањето, се подржуваат успешните идеи и ќе се презентираат на останатите колеги на одделенските часови - состаноци за споделување на добра пракса.

- *план на* ***споделување на добрата пракса*** *во рамки на училиштето во врска со оценувањето* На отворени часови на актив на одделенски наставници и предметни групи се споделуваат плановите на добра пракса во врска со оценувањето на учениците следејќи ги наставниците и успехот напредувањето на учениците. Изборот на колеги кои споделуваат добра пракса се определува од анализа и споредба на постигнувањето од учениците во однос на претходните оцени во однос на тромесечие или полугодие.

### 15.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Тимот за следење и анализа во оваа учебна година ќе биде составен од Директоерот на училиштето и Стручните соработници во " врз основа на „Планот за работа на директорот на училиштети и посебните"; „Планови на стручните соработници на училиштето" кои подразбира педагог, психолог и дефектолог и врз изработените инструменти за следење на посета на наставен час и вонnаставна активност на работата на наставниот кадар во основното училиште според строго утврдена рамка ќе се следи работата на наставниот кадар.

Целта е утврдување на нивото на реализација на наставните цели од програмата следење на постигнувањата на учениците и нивното напредување, согласно стандардите на програмата, постапката на приод од наставник кон ученик со потешкотии во учењето и/или работа со талентиран односно ученик со посебна програма за работа.

При откривање на поединец наставник кој има потешкотии и остварува послаби резултати во работата се приоѓа кон подршка за подобрување на работењето.

Доколку се утврдат со анализите потреби за подршка на наставници кои имаат поголеми успеси се мотивираат да се вклопат во дополнителни тимови за претставување на училиштето преку натпревари, базари, соработки со училишта, презентации во локалната самоуправа и слично.

Соработката со други воспитно - образовни институции надвор од училиштето и оваа учебна година ќе се одвива во континуитет преку активна двонасочна комуникација со тенденција истата да се продлабочи. Контактите со МОН, ДПИ и БРО ќе продолжат да се одвиват согласно нивните побарувања за податоци и информации за ажурирање на нивната работа.

### 15.4. Самоевалуација на училиштето

15.4. Самоевалуација на училиштето

Врз основа на чл. 129 од Законот за основно образование (Сл. весник број 161/19), според закон број 08-4389/1од 30.07.2019, од Министерот за образование и нука, училиштето изработи Самоевалуација за периодот 2018/2020 година. Самоевалуацијата се прави со цел да се детектираат, а потоа и да се елиминираат слабите страни на работата на училиштето што се добиени по пат на анализа на претходната самоевалуација (примена на анкети, интервју, компарација на резултати), а да се зајакнуваат позитивните придобивки и да се јакне добрата страна на работата на училиштето, а се во насока на исполнување на визијата на нашето училиште. Многу од слабите страни се надминати, а резултатите ќе се откријат токму во изработката на новата.

Во Самоевалуација на училиштето, учествуваа: директорот (Вилма Поповиќ), стручната служба, административната служба и целиот наставен кадар организирани во тим од наставници (Гордана Букревска, Кети Христовска, Бојана Бачовска, Маја Бутлеска, Даниела Крстевска, Ирена Костовска и Марина Станковиќ). Раководител на тимот беше Маја Ѓорчевска - Затуроска (педагог), а техничка подршка Горан Величковиќ (наставник по информатика). За поголема ефикасност во работењето, секако се формираа тимови по подрачја, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од нea

се користеа повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени и анализирани.

Самоевалуацијата ги опфати следните подрачја:

- Организација и реализација на наставата и учењето
- Постигнувања на учениците
- Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
- Управување и раководење
- Комуникации и односи со јавноста
- Соработка со родителите и локалната заедница

Самоевалуацијата беше реализирана според однапред изготвен план за спроведување на самоевалуација за утврдување на квалитетот на работата на училиштето, дадено во следниов прилог БР._____

### *16. Безбедност во училиштето*

На почетокот на учебната година на учениците ќе им се презентира „Планот за евакуација на училиштето во случај на незгода". Учениците ќе бидат запознаени со планот на одделенските часови. На одделенските часови планирани се вежби за евакуација за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари, поплави и слични закани и ризици.

Планирани се и кратки курсеви и обуки на наставниците за користење на ПП апаратите за против пожарна заштита од пожар, брзо реагирање и евакуација на учениците, од страна на Фирмата и персоналот за одржување на ПП апаратите во училиштето.

Во училиштето се планира и курсеви за учениците за прва помош и заштита од страна на наставниците по хемија, биологија - природни науки во рамките на „Секција за прва помош и заштита ППЗ". Овие знаења и вештини се истакнуваат на повеќе натпревари на локално и државно ниво, досегашното искуство говори за успешни тимови. Кио пак едуцираат свои врсници, сошеници како и помлади ученици во училиштето под надзор на тимот од наставниот кадар. Целта е продолжување по стапките од повозрасните меѓусебно другарување и учење вештини, помош и подршка во превентивни програми.

Ќе продолжиме со спроведување на програмите за превенција на насилно однесување во училиштето, превенција на трговија со луѓе, болести на зависност и сексуално преносливи болести, во рамките на одделенските часови, на состаноците на одделенските заедници, а со помош на стручната служба и други стручни лица. Планирани за реализација се едукативни работилници со родители,

ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, со вклучување на надлежни институции и експерти за определените области на дејствување. Во активностите надвор од училиштето (при посети на институции, објекти, знаменитости), ќе бидат вклучени и родителите преку Советот на родители.

### *17. Грижа за здравјето*

#### 17.1. Хигиена во училиштето

За хигиената во училиштето ќе биде задолжен техничкиот персонал од училиштето, но вклучени ќе бидат и сите вработени, а особено одделенските раководители преку развивање правилен однос кон хигиената со учениците и преку надзор на извршувањето на дадените задачи, како што се одржување на училници, ходници и училишниот двор. Таа цел најдобро ќе се постигне со реализација на наставни и вонnаставните активности поврзани со оваа тема.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши еднаш во годината од надлежни институции како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

#### 17.2. Систематски прегледи

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од прво, трето и седмо одделение. Учениците од одделенска настава на систематските прегледи ќе бидат придружувани од своите одделенски раководители, додека пак учениците од предметна настава ќе бидат придружувани од наставник кој во тој момент е слободен или од стручната служба, сѐ со цел наставата да се одвива непречено.

За девојчињата од VI одделение ќе се одржи предавање на тема ,,Едукативна програма за промените во пубертетот кај девојчињата.

#### 17.3. Вакцинирање

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе бидат опфатени учениците од прво, второ, шесто и осмо одделение: 6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање 7 години (II одделение) Туберкулоза (со тестирање) (1 доза) Детска парализа (1 доза), дифтерија, тетанус (1доза) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза (VI одделение); Инфекции со хуман папилома вирус (HPV) (само за девојчиња) (3 дози) - вакцинирање 14 години (завршна година на основно училиште) Рубеола (само девојчиња) (1 II ревакционирање доза); Детска парализа (1 доза); Дифтерија, тетанус (доза); III ревакцинирање; IV ревакцинирање.

Дел од учениците ќе поминат на преглед на заби и ќе се направи залевки.

Процесот на вакцинација и имунизација ќе се изведува како и досега во поликлиника “Јане Сандански” Аеродром, а за сето тоа училишниот педагог ќе води евиденција.

### 17.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на учебната година континуирано организира оброк/ците за учениците во училишната кујна (доручек, ручек и ужина) за ученици во продолжен престој од прво до петто одделение околу  ученици. За останатите ученици до деветo одделение во редовната настава се организира ужина која бројка е променлива на месечно ниво според потребите на учениците. Оброците се подготвуваат според стандардизирано мени од Агенцијата за здрава храна на РСМ во соработка со училиштето и Советот на родителите во училиштето.

*-Едукација за здрава исхрана*

Едукација за здрава исхрана и оваа учебна година првенствено ќе вршат одделенските раководители преку наставни содржини од оваа област и на часовите за одделенска заедница. Исто така, овој тип на наставни содржини ќе бидат реализирани на часовите по животни вештини и унапредување на здравјето, но секако тука можат да се вклучат и останатите наставници.

Училиштето во текот на учебната година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници.

Училиштето секоја година во рамките на Програмата „Еко-училиште“ реализира најразлични активности. Планирано е да се реализира и Глобален час - Проект за храна со Глобални цели: „Секој оброк раскажува приказна“ и ќе се откријат од страна на учениците како Глобалните цели се поврзани со нивниот живот.

## *18. Училишна клима*

### 18.1. Дисциплина

Почитувањето на правилата на однесување во училиштето доведува до одлична дисциплина и ред на сите кои работат и престојуваат во училиштето. Дисциплината во училиштето е на високо ниво, со тендеција сме тоа да се задржи. Се запазува времето на доаѓање на персоналот и на учениците. Вратите на училиштето се отвараат во 6 часот наутро и се затвараат во 21 часот. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици, според строго утврден распоред на дежурства. Дежурствата на наставниците ќе бидат истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и  на огласната табла на училиштето, по тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска. Покрај дежурните наставници ќе биде вклучено и обезбедувањето кое ќе биде избрано од страна на Општина Аеродром кое

ќе врши идентификување на посетителите кои влегуваат во училиштето и при тоа ќе се води писмена евиденција на посетите во училиптето.

### 18.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето: Нашето училиште има приоритет да се грижи за естетскиот и функционалниот изглед на училиштето. Секој наставник пред својата училница има задача и обврска да уредува пано според потребите на наставните теми и содржини. Содржините на истакнатите изработки на учениците и наставниците ќе бидат од различни области меѓу кои ќе има содржини од мултикултурата со што ќе го изразиме мултикултурниот карактер на нашата држава со цел запознавање и зајакнување на меѓуетничките односи; содржини според оделни настани и датуми битни за животот на учениците, со цел запознавање со светски, државни и локални прослави, празници и настани. Останатите ѕидови и холот ќе го уредуваат ученици од ликовната и литературната секција под раководство на нивните наставници.

### 18.3. Етички кодекси

Етички кодекси: Непосредно пред почетокот на учебната година тимот од наставници од одделенска и предметна настава и стручната служба раководени под некои сугестии и потреби од страна на учениците и родителите ќе го обновиме и потврдиме постоечкиот кодекс на однесување. И оваа учебна година согласно Кодексот на облекување задолжително е носење на ученичка униформа која е обезбедена од општината Центар. Учениците ќе носат униформи со амблемот на нашето училиште. Согласно Кодексот на облекување во Филскултурна сала на часовите по Физичко и здравствено образование задолжително е носење на опрема за ФЗО (бела маичка, темен шорц и патика за во сала). Кодексот во себе ќе ги опфати правилата на однесување на персоналот, учениците и родителите. Тој ќе биде истакнат на видни места (во наставничка канцеларија и училниците) и со него ќе бидат запознаени сите инволвирани. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки. Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме да се однесуваме.

### 18.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

За подобрување и зајакнување на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка од страна на стручната служба ќе се организираат работилници од кои ќе се утврди степенот на задоволство од меѓучовечките односи на вработените. Потоа ќе следува изработка на програма во која ќе бидат вклучени екскурзии на вработените, прослави и други начини на дружење.

За продлабочување на довербата и соработката меѓу структурите во училиштето се предвидуваат повеќе конкретни активности со цел да се подобри квалитетот на комуникацијата и да зајакне меѓусебната доверба и соработка:

- Соработка помеѓу кадарот од одделенска настава и предметна настава во различни соработки меѓу одделенија со подршка на поголемите кон помалите соученици во повеќе акции во дворот, холот и ходниците секако и во библиотеката, медијатеката, специјализираните училници - кабинет по информатика, биологија, историја итн. Анализа на истите од стана на наставниот кадар вадејќи заклучоци на слаби и јаки страни а никако не потсетувајќи се на тоа како било некогаш, како треба да биде или како е кај

соседите кој говор ги насочува кон депресија секогаш држејќи се до тоа што правиме а што може да направиме сега во дадениов момент.

- Соработка на наставниот персонал со стручните служби преку состаноци, работилници, дебати за вистинските потреби и подршки во однос на работата и животот на училиштето, надминување на проблемите и поткревајќи се на успесите и добрите придобивки.

- Соработка на наставниот персонал, стручните служби и техничкиот персонал особено околу рано откривање на деликвентно и недолично однесување на учениците, персоналот и сл. Истакнување на важноста на техничкиот персонал да соработува брзо и навремено кај наставниот и стручниот персонал во дадените ситуации.

- Соработката преку состаноци, работилници, дебати со Советот на родители и родителите општо со училишниот персонал наставнички стручен и сл. во едукација на родителите за посветување а не занемарување на своите деца, подршка во учењето но и во надминување на потребите на тинејџери и деца, особен акцент да се фрли на подршката на социјализацијата интересите на децата во слободното време другарувањето и начинот на тие активности влијанието на надворешниот свет и справување со ново настанатите ситуации во околината.

***19. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар***

### 19.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.

Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар ке се одвива на интерно и екстерно ниво.

На интерно ниво ќе се реализирапреку Стручни активи и Наставнички совет додека на есктерно ниво представува учество во едукација организирана од БРО ,МОН или други организации на едукации кои се од интерес на подобрувањето на квалитетот на наставата како и во зависнот од потребите на наставниот кадар и стручна служба.
Како криетериум за надградување на својот професионален развој наставниците ќе се бираат врз основа на изготвениот личен и професионален план. По завршување на обуките и семинарите секој наставник врши дисеминација со кои се запознава и едуцира останатиот наставен кадар .

### 19.2 Активности за професионален развој

Следејќи ги законските потреби за задолжително стручно усовршување на наставниците во основното училиште пред почетокот на учебната година редовно се евидентираат потребите на наставниците за стекнување и унапредување на знаења и вештини со што ќе се унапреди и личната и професионалната надоградба. Посочени од индивидуалните планови на наставниците за професионален развој училиштето изготвува програма која овозможува и подджува активно учество на сите семинари и едукативни работилници. Наставниците континуирано стручно се усовршуваат заради подобрување на стручните способности и давање на поквалитетни образовни услуги. Наставниот кадар добива можност да учествуваат на семинари и обуки организирани од страна на БРО и МОН како

и од акредитирани организации од МОН. Годишна програма за работа на Училиштето во учебна 2020/21 година. Врз основа на тоа ќе бидат изработени акциски планови и ќе се направи дисеминација на обуките. На крај ќе се направи евалуација на истите за да се утврдат приоритетите за професионалниот развој на наставниците за наредната учебна година. Стручната служба во училиштето активно ќе работи на континуираниот професионален развој на наставниците преку обуки и предавања, но и преку редовни консултации за подобрување на дневните краткорочните, долгорочните планирања како и останатата педагошка евиденција.

### 19.3Личен професионален развој

